

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

2023

Содржина

— Краток осврт од Претседател на Управен Одбор на сос детско село македонија за 2023 година 4

— Извршно резиме од Национален Директор 6

— Услуга Стручна помош и поддршка на згрижувачки семејства 10

— Услуга Советување 12

— Услуга Живеење со поддршка 14

— Зајакнување на младите преку нови можности 16

— Youth can – „За младите“ 18

— ДЕИ - Унапредување на системски недостатоци – Поддршка на реформите во системот за заштита на деца 20

— Политиката за обезбедување безбедност на деца и млади 22

— Дигитализација и сигурност 24

— Управен одбор и Генерално собрание 26

— Буџет 2023 – расходи 28

— Човечки ресурси и вработени 32

— Комуникација и резултати од канали за локално финансирање во 2023 година 34

— Активности во 2023 38

— ВИ БЛАГОДАРИМЕ 42

Вистинското

поврзување

со децата има

моќ

да го смени светот!

КРАТОК ОСВРТ ОД ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УПРАВЕН ОДБОР НА СОС ДЕТСКО СЕЛО МАКЕДОНИЈА за 2023 година

СОС Детско село Македонија во 2023 година беше фокусирано на подготовка на Стратегијата 2024-2027 преку која треба да обезбеди 75% локалната самоодржливост врз основа на преминот во нов кластер на асоцијација која што треба забрзано да обезбеди локално самофинансирање за своите програми.

СОС ДЕТСКО СЕЛО Македонија активно се подготвуваше за оваа фаза во изминатите 3 години, превенствено преку лиценцирање на своите основни програми/услуги и обезбедување на 5 годишни лиценци до 2027 година со што стана овластен давател на социјални услуги во име на државата и обезбеди делумно државно финансирање на своите основни програми.

Со ова се обезбеди првиот столб на финансирање на организацијата преку државно субвенционирање на услугите а истовремено обезбеди СОС ДЕТСКО СЕЛО на среден рок да влијае системски на подобрување на квалитетот на услугите на поголем број на корисници во повеќе градови во државата.

Преку тригодишен инвестициски проект, поддржан од СОС Киндердорф Интернационал и донаторот ХГФД се вложија и материјални и човечки ресурси за развој на нов столб на финансирање преку посветено индивидуално донирање. Со оглед на тоа што првичните пилот активности дадоа задоволителни резултати и заклучно со 2023 успешно се реализираше овој проект кој што обезбеди платформа и системски пристап во индивидуалното донирање, СОС Детско село го обезбеди вториот стабилен столб за својата стратегија за самоодржливост врз основа на што се базираше и подготовката на Стратегијата 2024-2027.

4000

индивидуални донатори

Заклучно со Декември 2023 година имаше 4000 индивидуални донатори – граѓани кои донираа вкупно 350,000 евра во текот на 2023 година.

Традиоционалните канали како донации од компании и продажба на производи, обезбедија над 500,000 евра со што локалните приходи се зголемија за 47% во споредба со 2022 година со што СОС ДЕТСКО СЕЛО постигна 48% локална самоодржливост до крајот на 2023та година врз основа на што оценуваме дека Стратегијата 2024 -2027 е истовремено и амбициозна но и реалистична и дека до 2027 година ќе ги реализираме планираните резултати за 75% финансиска самоодржливост.



локална самоодржливост до крајот на 2023 година

Проектите од јавни фондови, финансирани од разни донатори, исто така станаа дел од тековното работење на организацијата преку кое се проширија нашите партнерства со невладиниот сектор, со институциите, компаниите и овозможија дополнителен развој и надополнување на основните програми со што се зголеми и влијанието и видливоста на брандот на СОС ДЕТСКО СЕЛО на територија на целата држава.

2023 година беше година на видлива трансформација на нашата организација и инвестиција во долгорочна стабилност и самоодржливост на услугите и програмите, во интерес на децата и младите на кои им е потребна нашата континуирана поддршка.

Големи промени се случуваат и во рамки на интернационалната организација, каскадирајки надолу кон земјите членки, со главен фокус на поголема самостојност на асоцијациите и обезбедување на локална релевантност а тоа ќе се демонстрира и преку самостојни Управни одбори (без интернационалните членови) во текот на 2024 година со што се потврдуваат зајакнатите капацитети на СОС Членките во федерацијата и можноста за самостојно фунционирање.

Во 2023 година се одржа редовното Годишно Собрание на кое беа избрани и три нови членови во Генералното собрание а беа одржани 5 редовни и 3 вонредни седници на Управниот Одбор на Здружението на граѓани а Претседателот на Управниот Одбор и Националниот Директор учествуваа на Годишното Собрание во Инсбрук, Австрија на СОС Киндердорф Интернационал.

2023 година ќе ја паметиме и по големото Признание и добиено од Претседателот на државата, Стево Пендаровски, за нашата посветеност во грижата за деца и напредни практики и стандарди, со што се препозна и награди нашата организација која што стана лидер во грижата за деца и млади во областа на социјална заштита.

д-р Александар Трајковски
престедател на Управен Одбор

ИЗВРШНО РЕЗИМЕ ОД НАЦИОНАЛЕН ДИРЕКТОР

СОС Детско село во 2023 година беше една од ретките невладини организации со **лиценцирани 3 социјални услуги односно делегирани надлежности од државата за: Центар за поддршка на згрижувачки семејства, две Советувалишта и четири куќи за Живеење со поддршка – Програми за грижа за млади.**

Во 2023 година СОС Детско село достигна **48%** одржливост според меѓународните стандарди поддржани од неколку главни извори на приход:

1. Финансиска поддршка од Меѓународната програма за спонзорство
2. Локално обезбедувањее средства (корпоративно и индивидуално)
3. Трговски производи (честитки, тетратки, лампиони итн.)
4. Владини субвенции
5. институционални донатори за поддршка на проекти
6. меѓународно финансирање од фондацијата HGFD.

Во 2023 поддржавме **74 згрижувачки семејства** со згрижени **141 дете**, **175 корисници** преку нашите две Советувалишта од кои **105 деца** и **70 родители** и **28 деца/млади** згрижени во 4 куќи и **74 млади** беа поддржани со обуки за животни вештини, вработливост и кариерно советување на нивниот пат за осамостојување.

Дополнително имплементиравме 4 Проекти финансирани од институционални донатори, преку кои овозможивме зајакната поддршка на млади при нивното осамостојување, промовирање на згрижувањето и зголемување на бројот на згрижувачки семејства, подобрување на законски акти и политики во интерес на децата и младите и младинска партиципација и зголемување на свесноста за сајбер булинг.

- Јакнење на Млади преку нови можности (Донатор Германско Министерство за економска соработка)
- Унапредување на системски недостатоци и поддршка на реформите во системот за Заштита на Деца Донатор Германско Министерство за економска соработка)
- Инвестициски Проект за самоодржливост- индивидуално донаторство (Донатор ХГФД)
- Партнерски проект со Коалиција СЕГА Проект Младинско Учество за Силен и одржлив развој (Донатор ЕУ).

Вкупниот буџет на страната на расходите за 2023 година достигна 142,7 милиони денари (2,32 мил евра), искористеноста на буџетот изнесуваше 95% а остатокот од средствата во договор со главниот донатор ХГФД се префрлија за дополнување на буџетската рамка за 2024 година за која интернационалната организација најави намалено финансирање а истиот тренд ќе продолжи и во наредниот период. Заради што е неопходно СОС ДЕТСКО СЕЛО да ја обезбеди својата релеватност во нашата заедница и да добие поддршка од државата, бизнис заедницата и граѓаните со цел стабилност на нашата поддршка кон ранливите категории и подобрување на нивните животи.

Заради намалување на интернациоанални финансирања, голем фокус дадовме на локалното финансирање и промоција па така во 2023 година споредено со 2022 година бележиме пораст на приходите од државата за 17% и пораст на приходите од компании и лица за 75%, а пад на приходите од проекти финансирани од јавни фондови за 11%, како резултат на намалување на учеството на овие проекти во вкупната структура на приходи, поради помал број аплицирани проекти од овој тип.

Вкупниот износ на локални приходи изнесуваше 815.621 евра од кој најголем приход имавме од индивидуални и корпоративни донатори 517. 571. Овој резултат ни овозможи да ги реализираме сите планирани активности за 2023 година и да обезбедиме поддршка на поголем број на деца и семејства.

815.621

вкупен локален приход

Најкомплексниот процес за организацијата во 2023 година беше Развојот на стратегија за периодот од 2024 до 2027 година, која беше поднесена и одобрена од меѓународната организација, со договорена финансиска поддршка што треба да го зајакне нашиот одржлив развој со потенцијал од **74%** самоодржливост до 2027 година. Основни предуслови за успешна реализација на оваа Стратегија се степенот на развиеност во социјалната заштита од страна на Владата и економскиот контекст и стандардите кои треба да го поддржат локалното обезбедување на средства од корпоративниот сектор и од граѓаните. А најважно од се, нашата посветеност, транспарентност и отчетност и да го одржиме статусот на организација со високи стандарди чија главна цел е поддршка на децата и младите да добијат еднакви можности во нашето општество.

Спроведена е интернационална функционална ревизија според стандардите на СОС Детските села по којашто е добиена позитивна оцена како организација со низок ризик и со високи стандарди во работењето.

Од перспектива на застапување, текот на 2023 година, СОС Детско село покрена иницијатива за создавање национална мрежа на даватели на социјални услуги, во партнерство со австриската мрежа на даватели на услуги и поддржана од австриското аташе за социјални работи во Македонија.

Во текот на есента 2023 година, СОС Детско село организираше меѓународна конференција на тема згрижувачки семејства, на која присуствуваа министерот за труд и социјална политика од Македонија, експерти и практичари од Македонија, како и експерти за згрижувачки семејства од Австрија. Препораките од оваа конференција и формално беа доставени до министерот за труд и социјална политика за понатамошна реализација. Со цел формално да се одговори на сите предизвици поврзани со алтернативната грижа, социјалната превенција, поддршката на младите во процесот на осамостојување, капацитетите на згрижувачите како и одржливоста на давателите на социјални услуги, СОС Детско село поднесе предлог за измени на регулативата за социјална заштита која се очекува сериозно да се разгледа во 2024 година.

Исто така во текот на оваа година значителни ресурси инвестиравме во унапредување и зајакнување на стандардите по кои сме обврзани да работиме како членка на СОС Детски села Интернационал но и на имплементација на нови политики и регулативи кои се насочени првенствено кон зајакнување на грижата и сигурноста на децата и нула толеранција на секаков вид на насилство но и на поддршка на вработените кои се одговорни да ја осигураат грижата и безбедноста на децата.

Сите наши вработени поминаа унапредени обуки за: безбедност на деца и млади, превенција од сексуално вознемирување на работното место, обуки за нови компјутерски вештини, рефрешери за важноста и управување со лични податоци согласно ГДПР, обуки за Сајбер безбедноста на нашите уреди итд.

Во 2023 исто така инвестиравме и во наградување на вработените и обезбедивме буџет за зголемување на плати и да обезбедиме фер компензација за посветеноста на вработените кои се столбот на оваа организација и кои се директно заслужни за квалитетот на нашата работа и постигнатите резултати.

Во Ноември 2023 организиравме и јубилеен настан на која беа доделени посебни признанија и благодарници за лојалност за 10 и 20 години работа но и за дополнителен учинок на СОС Згрижувачи кои храбро влегоа во нови предизвици во грижата за деца кога тоа беше најнеопходно.

Како дел од нашите тековни напори за зајакнување и унапредување на нашиот тим, имавме успешно регрутирање на нови вработени на клучни позиции (CVPD, менаџер за човечки ресурси, специјалист за човечки ресурси, корпоративен фундразер, едукатори и стручни соработници) а нивната колективната експертиза и нова енергија ја искористуваме за да поттикнеме култура на постојано подобрување, професионален раст и задоволство на вработените.

Јулијана Накова Гапо
национален директор

УСЛУГА СТРУЧНА ПОМОШ И ПОДДРШКА НА ЗГРИЖУВАЧКИ СЕМЕЈСТВА

за ниту едно дете да не расте само

Спроведувањето на севкупните активности на Центарот за поддршка на згрижувачки семејства се одвиваше во согласност со конкретните цели на годишниот оперативен план: подигање на свеста на заедницата за сместување деца во згрижувачки семејства како и промоција на самата услуга, зајакнати знаења и вештини за згрижувачите преку обуките PRIDE пред воведување во услуга и тековно, со цел да се обезбеди безбедна, сигурна и стимулативна средина за корисниците, задоволување на нивните развојни потреби поврзани со здравјето, образованието и социјално-емоционалниот развој во согласност со возраста и индивидуалниот потенцијал, тековна добра соработка со институциите, единиците на локалната самоуправа и невладините организации од системот за социјална заштита, вклучително и Црвен Крст Струмица, Општина Струмица, НВО Мобилност, НВО Мост, МКФ сервис и Ресурсен центар во Основното Училиште Иднина со цел ефективно да се одговори на потребите на згрижувачките семејства.

Беа организирани 9 теренски настани, вклучително и информативни сесии кои послужија за поголем досег до заедницата а заради регрутирање нови згрижувачи.

Веб-страницата и fb страната служеа како активни канали за комуникација за споделување информации, што резултираше со 1601 допаѓања на страницата и 3000 прегледи. Регистрирани се 56 повици на инфо линијата отворена за детално информирање на потенцијалните згрижувачки родители.

Имаше 12 гостувања на ТВ и радио за промотивни цели на згрижувањето. На згрижувачите постојано им се обезбедуваа едукативни сесии за заштита на децата, борба против семејното насилство и спроведување на траума информирана практика во системот на алтернативна грижа.



Преку Центарот за поддршка на згрижувачки семејства, во 2023 година беше обезбедена професионална поддршка за:

76 **семејства со**

141 **корисник**

од кои:

43 **општи,**

7 **специјализирани и**

26 **роднински**

згрижувачки семејства



УСЛУГА СОВЕТУВАЊЕ

за нитту едно дете да не расте само

Услугата советување како лиценцирана услуга се имплементира врз основа на развиена методологија за јакнење на семејства и позитивно родителство наменето за подобрување на семејната динамика и услови за живеење, осигурувајќи безбедност и грижа со висок квалитет за децата од Општина Гази Баба и Шуто Оризари.

Во рамки на програмата "Јакнење на семејства" беа одржани три циклуси сочинети од 14 групни советувања со коишто беа опфатени 6 групи на родители и деца на возраст од 6-16 години.

Во рамки на програмата "Позитивно родителство" 16 родители успешно го завршија циклусот од 9 сесии на групни советувања и направија пред и пост тестови за проценка на воспитни родителски стилови, а пополнија и прашалници за евалуација на социјалната услуга специјализирано советување.

Во Општина Гази Баба беа поддржани 49 семејства и 202 корисници, од кои 110 деца, 5 млади и 87 родители.Преку програмата "Јакнење на семејства" беа завршени три циклуси од 14 групни советувања сочинети од 6 групи на родители со деца на возраст од 6 -16 години.

Преку програмата "Позитивно Родителство" вкупно 22 родители беа вклучени во сесиите на советување. 16 родители земаа учество во 3 циклуси на 7 групни сесии на советување, а 6 родители беа дел од индивидуално советување со цел подобрување на родителски вештини и учење за детскиот развој.

Важно е да се нагласи дека соработката со Центарот за Социјална Работа е зајакната преку одржување на работни средби и состаноци за промоција на услугата на советување што резултираше со 5 упатени случаи. Со цел соодветно управување со истите, раководителката на Советувалиштето и водичите на случаи од Центарот за Социјална работа тесно соработуваа и разменуваа релевантни информации со цел задоволување на потребите на конкретните семејства.

Преку двете советувалишта, во Општините Гази Баба и Шуто Оризари, беа подржани вкупно:

93 семејства и

386 корисници

од кои:

223 деца и млади, и

163 родители.

УСЛУГА ЖИВЕЕЊЕ СО ПОДДРШКА

за ниту едно дете да не расте само

Целта на услугата е да обезбеди континуирана директна грижа за младите, да го поддржи нивниот развој и благосостојба за да го достигнат нивниот целосен потенцијал и да ги подготви за самостоен живот во реалниот свет.

Во овој процес младите се охрабруваат и поддржуваат да учествуваат во носењето секојдневни одлуки кои се однесуваат на нивниот живот.

Во однос на обезбедување на основните секојдневни и постојани потреби, на младите им беше обезбедена квалитетна исхрана, средства за хигиена и претпочитана облека според нивната возраст, пол и временски услови.

Преку секојдневното менторство, младите учествуваат во колективно купување со цел да изградат вештини за тоа како да управуваат со сопствените средства, како да подготвуваат храна и како правилно да ги одржуваат домаќинствата.

Во однос на образовните потреби, сите млади се поддржани во надминување на училишниот материјал со сета потребна техничка опрема, вклучувајќи лаптоп, слушалки и поврзаност на интернет. За оние кои се соочени со образовни предизвици или прескокнати часови, беа одржани директни средби со педагошката служба во училиштето за да се решат проблемите.

7 млади, откако беа примени во станбените единици, беа придружувани во здравствена установа за основни прегледи и им беа обезбедени крвна слика, стоматолошка услуга, офталмолошка служба и гинеколошки прегледи. Обезбедени се стоматолошки услуги за 35 млади, гинеколошки прегледи за 22 девојчиња, 8 млади добија психолошка поддршка според нивните индивидуални потреби, редовни прегледи се обезбедени за 7 млади кои имаат хронични заболувања, вклучително и Ф-91, што овозможи контрола врз нивните благосостојба. За 23 млади беше поддржано одржување на контакт со нивните биолошки семејства.



Во рамките на услугата Живеење со поддршка беа поддржани:

28 млади

беше обезбедена 24-часовна директна грижа и поддршка во 4 станбени единици

ЗАЈАКНУВАЊЕ НА МЛАДИТЕ ПРЕКУ НОВИ МОЖНОСТИ

за ниту едно дете да не расте само

Во текот на 2023 година проектот Зајакнување на младите преку нови можности ги опфати завршната фаза од проектот YEEP 1, периодот на премостување помеѓу YEEP 1 и YEEP 2 и почетната фаза од имплементацијата на YEEP 2.

Во рамки на завршната фаза на YEEP 1 се реализирани активности согласно акцискиот план:

Регионална конференција за научени лекции од проектот YEEP беше организирана во Скопје, С. Македонија со учество на претставници од проектните тимови од петте национални асоцијации на СОС ДЕТСКО СЕЛО (С. Македонија, Албанија, Босна и Херцеговина, Србија и Косово) кои го имплементиаа проектот, регионалната канцеларија на проектот, како и претставници на Фондацијата Херман Гмајнер. Настанот е искористен за сумирање на постигнувањата на првото издание на проектот, но и анализа на предизвиците во имплементацијата на проектните активности, добри пракси и научени лекции кои ќе бидат од корист и земени предвид при имплементација на второто издание на проектот (YEEP 2).

Со цел споделување на резултатите од проектот беше изготвен краток документарен филм, како и печатење на Брошура на успешни приказни, дистрибуирана до релевантните чинители.

Во април се одржа завршна конференција за проектот со присуство на 51 претставник од државните институции, локални власти, приватни компании и граѓански организации.

Во периодот на премостување се изврши ревизија на проектот која констатиташе целокупна усогласеност на материјално – финансиското работење.

Од започнување на имплементацијата на YEEP 2 вклучени се 30 млади лица во социјален ризик, од кои 15 ги започнаа, а 15 ги завршија обуките за животни вештини и вработливост.

5 млади лица кои беа вклучени во проектот завршија практиканска работа, а 2 завршија стручни курсеви. 20 млади лица добија психо-социјална поддршка со цел подигање на свеста околу грижата за менталното здравје, како и помош во справување со анксиозност, комуникациски бариери, емотивни проблеми и сл.)

Со поддршка на проектот формиран е и младински клуб, во чии активности во периодот на известување се вклучија 20 млади лица.



Со проектот беа зајакнати повеќе од:

340 млади

од кои:197пронајдоа одржлив работен анганжман,

133 завршија стручно образование или курсеви,

112 млади лица посетуваа практиканска работа,

11 млади лица отпочнаа сопствени бизниси со стручна и финансиска поддршка (мали грантови) обезбедени во рамките на проектот



YOUTH CAN – „За Младите“

за нитту едно дете да не расте само

Во текот на 2023 година во рамки на проектот „За Младите“ која има за цел младите луѓе во социјален ризик да го откријат својот потенцијал и да се стекнат со вештини, со цел да изградат подобра иднина за себе.

Во однос на предвиденото, реализирани се следните активности и постигнати резултати:

завршени обуки за:

1. комуникација при барање работа и подготовка за претставување на интервју, обуки за финансиска писменост,
2. зајакнување на комуникациски вештини за деловен бон-тон (развивање на деловна етика – примена на Кодекс на однесување, чување на деловна тајна, примена на емоционална интелигенција и емпатија),
3. бизнис пристап во работењето: управување со проекти, управување со време, деловно планирање, преговарање;

Освен овој вид на поддршка на младите им беше овозможено и менторство за графички дизајн од страна на компанијата Нептун, а реализирано беше и практиканство во различни оддели на компанијата DHL

Преку организацијата Inspirit Coaching (попозната како “Ти си Таа”) две младинки беа вклучени во повеќе месечен серијал обуки на различни теми поврзани со личен развој и будење на внатрешниот потенцијал за моќта на позитивните мисли и фокусот кон себе

Во текот на летниот период од 17 до 21 јули, во Охрид, под покровителство на глобалниот партнер DHL беше реализиран Младински камп на кој учествуваа 23 млади. На Кампот младите имаа обуки од партнер компаниите Црвен Крст Охрид, Нептун Македонија, Комерцијална банка Скопје, ДХЛ и од Едукативен центар МОТИВА (Пивара Скопје).

Во рамки на проектот
„За Младите“
беа поддржани вкупно:

36 млади

од кои:

14 машки и

22 женски на
возраст од
14 до 24 години.

13 од нив се малолетни,
додека 23 се полнолетни.

ДЕИ - Унапредување на системски недостатоци – Поддршка на реформите во системот за заштита на деца

Во однос на оперативниот план активностите реализирани во 2023 година беа поврзани со : градење на капацитетите, продолжување на кампањата "Подај рака промени живот, стани згрижувач" за подигнување на свесноста за згрижувањето и инкопрпорирање на стандарди за квалитет во испораката на услугите и подобрување на системот на социјална заштита со посебен акцент на Траума Информирана Грижа.

Во Албанија беше реализирана средба за размена на искуства, споделување на знаења и идентификувани научени лекции од досегашната реализација на проектните активности како и отворање на дискусии поврзани со временска рамка за подготовка на предлог проект кој ќе значи продолжување или фаза два на постоечкиот проект.

zgrizuvanje.mk

Планираното спроведување на предложените измени во подзаконските акти кои претходно поминаа низ процес на консултации со работна група одговорна за ревидирање на правилниците наиде на предизвици поради бирократските процедури и нефункционалност на системот што доведе во одложување на оваа цел.

Во насока на покревање на свеста околу потребата и важноста од згрижување, во периодот од 01.01.2023 до 31.03.2023 година беа реализирани три настани до Дојран, Богданци и Општина Фази Баба како продолжение на кампањата "Подај рака промени живот, стани згрижувач". Во рамки на оваа кампања се остварија средби со сите градоначалници на споменатите општини и се споделија релевантни информации потребни за заинтересираните потенцијални згрижувачи. Како резултат, зголемен број на граѓани заинтересирани за згрижување и формирање на групи кои ќе добијат дополнителни информации и обуки за згрижување.

Со цел институционализирање на траума информирана грижа (ТИГ) пристапот во системот на социјална заштита, имплементирана беше работилница за организациски развој за ТИГ со директорите и раководниот персонал во рамките на ЦПЗС Битола, ЦПЗС 11 октомври, 25 мај, Ранка Милановиќ и ЦПЗС СОС ДС.

Во линија со напорите за имплементирање на Дијадна развојна терапија (ДДП), 15 лица, вклучително 7 лица од СОС ДС, 5 лица од Клиника за психијатрија и 3 лица од битолската клиника поминаа низ обуката за ДДП, модул 1 и модул 2.

Со поддршка на работана група изработена е Програмата за обука за специјализирано од страна на надворешна експертка која резултираше со изработка на:

- Информатор за стручни соработници,
- Прирачник за мастер обучувачи и
- Прирачник за специјализирани згрижувачи.

Преку националните обуки беа обучени и сертифицирани:

68

професионалци и воспитувачи и

56

негуватели.

ПОЛИТИКАТА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ БЕЗБЕДНОСТ НА ДЕЦА И МЛАДИ

Политиката за обезбедување безбедност на деца и млади поддржани од услугите на СОС Детско село Македонија, во тековната 2023г. беше спроведена како во услугите на алтернативна грижа (Центар за поддршка на згрижувачки семејства – ЦПЗС и Живеење со поддршка), така и во услугата за јакнење на семејства во ризик (Советодавните центри Гази Баба и Шуто Оризари).

Од аспект на областите во кои Политиката за заштита и обезбедување безбедност на децата е инкорпорирана во нашата организација, во тековната 2023г. беше реализирано следново:

Превенција:

За да се спречи било каква злоупотреба врз децата и младите поддржани од СОС Детското село, воспоставени се структура и процеси за идентификување и спречување на можните ризици во сите услуги, механизми за континуирана проценка и управување со ризиците, мерки за безбедна регрутација на вработени, проверка на персоналот и оние кои работат за или во име на организацијата и се обезбедува значајно учество на децата и младите во активностите за превенција и подигање на свеста.

Како Национална асоцијација, ние се залагаме за целосна интеграција на Политиката за обезбедување безбедност на деца и млади и таа е незаменлив дел од нашата национална стратегија и годишно планирање.

Беше спроведена сеопфатна проценка на ризиците за безбедност на децата и младите, со нивна активна вклученост, како и со вклученост на згрижувачи, стручни работници, и менаџери на услугите на сите нивоа во организацијата. Резултатите покажаа дека, во двете услуги на алтернативна грижа „Живеење со поддршка " и згрижувачките семејства поддржани од ЦПЗС, над 90% од вработените, домот на згрижувачките семејства и станбените единици за млади ги перципираат како високо безбедна средина која обезбедува 24 часови алтернативна грижа и поддршка за децата и младите. Одредени загрижености лоцираат во надворешната средина, односно надвор од згрижувачкото семејство, како: лоша инфраструктура (сообраќаен метеж и несовесни возачи), бездомни животни кои се во непосредна близина до нивните домови, надворешни посетители и меѓу врсничкото насилство. Согледани се одредени ризици по безбедност на младите лица кои имаат нарушено и проблематичното однесување манифестирано преку физичко и вербално насилство. Исто така, кај згрижувачките семејства е нагласена грижата за децата со попреченост, децата во ризик, децата жртви на трговија со луѓе, како и немањето развиена мрежа за дополнителна поддршка и специјализиран третман на овие корисници.

Safeguarding Children

88% од згрижувачите сметаат дека децата во нивните згрижувачки семејства се максимално заштитени

64 деца и млади од згрижувачки семејства и Станбени единици за Живеење со поддршка земаа активно учество во годишната проценка на ризиците, одговорија на прашањата за безбедноста во згрижувачките семејства и домовите за млади и ја пренесоа својата перцепција, како и дадоа свои препораки за подобрување на безбедноста. Еден од заклучоците е дека односот што давателите на грижа го градат со младите е клучен за да ги охрабрат отворено да зборуваат за нивните загрижености. Во младинските куќи постои пракса на отворен и спонтан разговор и советување со младите, во кои тие се охрабруваат да зборуваат за насилството и да ги споделат своите грижи.

Во континуитет ги унапредуваме процедурите за безбедна регрутација на вработени. Спроведуваме проверки на кандидатите користејќи ги нивните референци, историјата на вработување и квалификациите, како и потврда за неосудуванст во процесот на вработување. Во рамки на интервјуто со кандидатите, интегрираме прашањата поврзани со заштита и безбедност на децата, а истовремено, кандидатите се запознаваат и политиките за безбедност во нашата организација. Специфични одговорности за заштита и обезбедување безбедност на децата и младите се вклучени во описите на работно место на вработените, како и јасна изјава дека се согласуваат и ќе постапуваат согласно Политиката за ОБД.

При потпишување на договор со трети страни без разлика дали тоа се постоечки или нови партнери, во договорот постои одредба која се однесува на специфични барања со кои изведувачот потврдува дека тие ги добиле и прочитале: Политиката за обезбедување безбедност на децата и младите; Кодексот на однесување; Насоките за борба против измами и антикорупција. Дополнително, пред отпочнување со работа, се организираат ОБД тренинзи со соработниците. Развивме и краток водич/документ кој ги содржи клучните елементи на ОБД и насоки за тоа како да се дејствува и да се комуницира доколку стапат во контакт со деца и млади лица на локацијата каде што работат.

Регулативата за посетители е исто така имплементирана. Организирани се инфо сесии со вработени и менаџери и развиен е внатрешен протокол за настани и посети на локација. Секој посетител е запознаен со основните принципи за заштита на децата и младите и го потпишува Водичот за посетители.

ДИГИТАЛИЗАЦИЈА И СИГУРНОСТ

Усогласување со стандард ISO27001.

Усогласувањето со стандардот ISO27001 овозможува нашата организација да ги следи најдобрите практики за управување со информациска безбедност. Овој стандард ги опфаќа сите аспекти на заштита на информации, вклучувајќи управување со ризици, имплементација на безбедносни контроли и континуирано подобрување на системите за безбедност. Придобивките од ова усогласување се значителни: зголемена доверба од страна на клиентите и партнерите, намалување на ризикот од безбедносни инциденти, како и подобра репутација на пазарот.

Обновен Грант за Azure од 3500 евра.

Обновата на грантот за Azure во износ од 3500 евра претставува значајна финансиска поддршка за нашата организација. Со овие средства, можеме да продолжиме да ги користиме клауд услугите на Microsoft Azure за хостирање на нашите апликации, складирање на податоци и обезбедување на дигитални услуги. Придобивките вклучуваат намалување на трошоците за инфраструктура, зголемена флексибилност и скалабилност на нашите ИТ ресурси, како и можност за брз и ефикасен развој на нови проекти.

Унификација на Wifi мрежата – автоматско поврзување и зголемена сигурност.

Унификацијата на нашата Wifi мрежа овозможува автоматско поврзување на корисниците со мрежата, без потреба од мануелни конфигурации. Ова води до зголемена продуктивност и задоволство на корисниците. Дополнително, со примената на напредни безбедносни мерки, како енкрипција и автентикација, значително ја зголемуваме сигурноста на мрежата. Овие мерки го намалуваат ризикот од неовластен пристап и обезбедуваат безбедно работење во дигиталното опкружување. Со унификација на бежичната мрежа само уреди кои се во согласност со политиките на организацијата ќе можат автоматски да се поврзат на корпоративната бежична мрежа безразлика на која локација која е составен дел од организацијата се наоѓаат.

Обезбедени Microsoft Office лиценци за наредни 3 години.

Со обезбедувањето на Microsoft Office лиценци за наредните три години, нашата организација ги осигурува неопходните алатки за продуктивност и комуникација. Ова вклучува пристап до најновите верзии на Office апликациите, како што се Word, Excel, PowerPoint и Outlook. Придобивките се многубројни: зголемена продуктивност на вработените, подобра соработка и комуникација, како и постојано ажурирани софтверски алатки кои ги исполнуваат најновите стандарди за безбедност и функционалност. Со вклучување на овие најнови верзии на Microsoft Office алатки овозможуваме и непречена работа на нашите клауд сервиси.

Cyber security training за сите вработени.

Cyber security тренингот за сите вработени е клучен за зголемување на свесноста и знаењето за безбедносните закани и практики. Овој тренинг вклучува обука за препознавање на фишинг напади, безбедно користење на интернет и заштита на чувствителни информации. Придобивките се значајни: намалување на ризикот од човечки грешки кои можат да доведат до безбедносни инциденти, подобра заштита на податоците и зголемена отпорност на организацијата на сајбер напади, а со тоа и подобрена репутација кај клиенти и партнери како и кај корисниците на услуги.

Модернизација на сите offsite and onsite backup NAS сервери и зголемена сигурност.

Модернизацијата на сите offsite и onsite backup NAS сервери обезбедува сигурност и достапност на нашите податоци. Со употреба на најнови технологии за складирање и заштита на податоци, можеме да го минимизираме ризикот од губење на податоци и да обезбедиме брзо обновување во случај на инциденти. Овие мерки ја зголемуваат довербата на нашите клиенти и партнери во нашите ИТ системи и капацитети за заштита на податоците. Согласно сите стандарди за заштита на податоци постоењето на резервна копија која покрај тоа што се прави локално се прави и на оддалечена локација како дополнителна заштите.

Миграција во Windows 11 на сите компјутери во организацијата.

Миграцијата на сите компјутери во организацијата на Windows 11 претставува стратегиски чекор кон обезбедување на најновите функционалности и безбедносни карактеристики. Со оваа промена, го подобруваме корисничкото искуство и ја зголемуваме ефикасноста на системите. Windows 11 нуди подобрена продуктивност, интеграција со клауд услуги и напредни безбедносни функции. Преминувањето на Windows 11 пред истекот на поддршката за Windows 10 во 2025 година обезбедува континуитет и сигурност во работењето во нашата организација.

Симулација на сајбер напади и фишинг симулации.

Симулацијата на сајбер напади и фишинг симулациите претставуваат критичен дел од нашата стратегија за сајбер безбедност. Овие активности ни овозможуваат да ги идентификуваме и адресираме слабостите во нашите системи и процеси. Правењето на вакви симулација допринесува до зголемување на свесноста на вработените од вакви напади и намалувањето на ризикот од успешен напад. Внатрешните и надворешните пенетрациски тестови ни помагаат да ги подобриме безбедносните мерки и да ја зголемиме отпорноста на нашите системи. Придобивките вклучуваат намалување на ризикот од успешни напади, подобрена свесност за безбедносните закани и зголемена сигурност на информациите.

Овие иницијативи претставуваат значаен чекор кон подобрување на нашата ИТ инфраструктура и безбедност. Со нивната имплементација, обезбедуваме посигурно и поефикасно работење, што директно влијае на задоволството на нашите клиенти, партнери, вработени и корисници на услуги.

УПРАВЕН ОДБОР И ГЕНЕРАЛНО СОБРАНИЕ

2023 година беше година на видлива трансформација на нашата организација и инвестиција во долгорочна стабилност и самоодржливост на услугите и програмите, во интерес на децата и младите на кои им е потребна нашата континуирана поддршка.

Големи промени се случуваа и во рамки на интернационалната организација, каскадирајки надолу кон земјите членки, со главен фокус на поголема самостојност на асоцијациите и обезбедување на локална релевантност а тоа ќе се демонстрира и преку самостојни Управни одбори (во текот на 2024 година со што се потврдуваат зајакнатите капацитети на СОС Членките во федерацијата и можноста за самостојно фунционирање.

Членови на Управен Одбор

Претседател : Александар Трајковски
Заменик Претседател : Сузана Андреев
Член : Иван Трајков
Член : Филип Ивановски
Член : Зорица Силјановска

